Христо МЕЛОВСКИ

# ВИДОВИ НА ОТПОР СПОРЕД ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ЗАКОН*)

Времето на настанувањето, авторството и местото на издавањето на Земјоделскиот закон во науката уште не е дефинитивно решено.

Околу овие и други прашања се искажани разни мислења: Земјоделскиот закон се поврзува со законодавството на Јустинијан I (527—565), Јустинијан II (685—695 и 705—711), Лав III (717—741) т.е. со Еклогата и се претпоставува дека е издаден или едновремено со неа (околу 726 год.) или наскоро по неа, или се поврзува со времето на Константин V Копроним (741—775). Широките временски рамки за настанувањето на земјоделскиот закон резултираат и од тоа што содржаните норми и обичаи во него се создавани во долг временски период и имплицираат во себе дополнувања настанати во текот на времето. J. Karayannopulos временските рамки најмногу ги проширува од VI до X век.[1])

Додека поголемиот дел од истражувачите сметаат дека Зз. е официјално право на определен владетел, F. Dölger[2]) и J. Karayannopulos сметаат дека тој е приватна збирка на селски правни норми направена врз база на законите на Јустинијан I.

Провениенцијата на Зз. исто така предизвика научни расправи. Мислењата се движат од теоријата за пресудното влијание на обичајното право на Јужните Словени врз обликувањето на

---

*) Во трудов е користено изданието: И. П. Медведев, Византийский земледельческий закон, Ленинград 1984.

[1]) J. Karayannopulos, Entstehung und Bedeutung des Nomos Georgikos. BZ. 51/2 (1958), 357—373.

[2]) F. Dölger, Ist der Nomos Georgikos ein Gesetz des Kaisers Justinian II. Festschrift für L. Wenger zu seinem 70. Geburtstag, II München 1945.

[3]) Zacharia von Lingenthal, Geshichte des griechisch-römischen Rechts Berlin 1892, 249—257.

[4]) G. Vernadsky, Sur l'origines de la Loi agrair, Byzantion 2 (1926), 169—180.

одредбите на овој закон, образложено од Zacharia von Lingenthal,[3]) а поддржано од руските и советските византолози, преку мислењето на Vernadsky за египетското потекнување на правото содржано во овој закон,[4]) до давање карактер на приватна компилација направена врз основа на правните норми кодифицирани во официјалните законодавни дела на византиските цареви.

Земјоделскиот закон е многу рано преведен на словенски јазик и долго ја сочувал својата актуелност, не само кај Јужните,[5]) туку и кај Источните Словени, за што сведочат повеќето сочувани преводи и инфилтрирањето на неговите норми во некои словенски законодавни паметници.

Земјоделскиот закон ги одразува приликите во Византиските балкански области по доселувањето на Јужните Словени, а посебно на Македонските Словени.

Земјоделскиот закон со своите 85 члена претставува една збирка од одредби со многу празнини, кои што според С. Маслев се огледаат: 1. во многу малиот број правни случаи опфатени со него и 2. во неопфатеноста и на останатите категории поседи и селско население, кои несомнено постоеле како хипотека на претходниот период или се зародуваа во VII век.[6])

H. Köpstein уште попрецизно ги констатира празнините на Зз. Фали — вели таа — скоро целата област на административната организација на селската општина како и оданочувањето па дури и судството, понатаму фали сиот комплекс на приватното право: семејно, брачно и наследно. Сосема е исклучена и трговијата особено протокот на стоката во рамките на општината и правото на купување.[7])

И покрај овие недостатоци Зз. претставува исклучително важен историски извор не само поради тоа што тој е скоро осамен во изворната празнина на VII и VIII век, туку и поради давање драгоцени податоци за аграрната историја (аграрна техника, организација на земјоделството и сточарството), социјалната структура, продукционите односи и др. на селската општина. Токму затоа и интересирањето на истражувачите, еве веќе скоро 100 години, непрестајно е свртено кон овој правен споменик, за кој Д. Ангелов вели дека нè води во едно општество во кое робовладетелските општествени односи и со нив врзаните колонатски облици ја одиграа својата улога и почнуваат да пропаѓаат.[8])

---

[5]) Ђ. Сп. Радојичић, Српски рукопис Земљорадничког закона. Зборник радова Византолошког института књ. 3, Београд 1955, 15—28.

[6]) S. Maslev, Die soziale Struktur der byzantinischen Landgemeinde nach dem Nomos Georgikos. Berline-r Byzantinischen Arbeiten Band 47. Berlin 1976, 22.

[7]) H. Köpstein, Zu den Agrarverhältnissen. Berliner Byzantinische Arbeiten. Band. 48. Berlin, 1978, 40.

[8]) D. Angelov, Zur Frage des Agrargesetzes und der Herausbildung der Feudalverhältnisse in Byzanz. Berliner Byzantinische Arbeiten. Band 47. Berlin, 1976, 4.

Социјалната структура, структурата на казните и нееднаквоста на членовите на селската општина што можат да се извлечат од Зз., ни овозможуваат да ги откриеме или да ги претпоставиме облиците на отпор во неа.

*

* *

Скоро сите досегашни истражувачи на Зз. повеќе или помалку го допирале прашањето на социјалната структура на селската општина. Во најново време, колку што ни е познато, специјално за оваа проблематика пишувале веќе спомнатите С. Маслев[9]) и H. Köpstein.[10])

Во Зз. можат да се констатираат следните категории луѓе: земјоделец (γεωργός) со различна имотна состојба, наполичар (ἡμισειαστής), надничар (μισθωτός) и робовите (δοῦλοι),

На земјоделецот се однесува голем број членови од Зз. Во членовите: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 13, 17, 19, 21, 22 тој се спомнува само како земјоделец (селанец) (γεωργός) во членовите 11, 13, 14 како осиромашен земјоделец (ἀπορήσας γεωργός) а во членовите 9 и 10 како мортит (γεωργός μορτίτης). Во членовите пак 2, 15, 16, 20 и 21 тој се спомнува како господар (κύριος), а во член 84 земјоделците фигурираат како сопственици на нивите (αὐθένται τῶν χωραφίων Според тоа: „Централната фигура во Земјоделскиот закон или (содржински поконкретно) селскиот закон е γεωργός. Но социјалната позиција на овој γεωργός не може да се определи само од терминот, бидејќи тој може да означува и слободен селанец и колон".[11]) Тој статус може да се определи само контекстуално на база сите одредби што можат да се добијат од Зз. Според нив земјоделецот е селанец што располага со парче земја со која сам стопанисува, обработувајќи ја сам со неговото семејство, или со туѓа работна сила. За големината на неговата земја. N. Köpstein го прифаќа мислењето на А. Р. Корсунскиј дека таа најмногу изнесувала 6,5 хектари.[12]) Инаку од Зз. индиректно може да се заклучи дека по однос на големината постоеле разлики. Имено имало и такви членови на општината кои не биле во состојба со сопствена работа да ја обработуваат сопствената земја, најверојатно поради големината, и ја давале на наполичари (чл. 15 и 16).

---

9) S. Maslev, Die soziale Struktur der byzantinischen Landgemeinde nach dem Nomos Georgikos. BBA. Band 47. Berlin, 1976, 10—22,

10) H. Köpstein, Zu einigen Aspekten der Agrarverhältnisse im 7. Jahrhundert (nach den juristischen uellen). BBA. Band 47, Berlin, 1976, 23—34.; Zu den Agrarverhältnissen. BBA. Band 48. Berlin, 1978, 1—72; O процесе социальной диференций по земледелческому закони. BBp. 38, (1978), 3—8.

11) H. Köpstein, Zu den Agrarverhältnissen. BBA. Band, 48, Berlin, 1978, 41.

12) Ibidem, 42.

Не може со сигурност да се одговори и на прашањето дали земјоделецот бил сопственик на земјата што ја обработувал, или само поседник, односно имал право на користење. За H. Köpstein изразите: ἐργαζόμενον τὸν ἴδιον ἀγρόν (чл. 1) ἐν τῇ ἰδίᾳ μερίδι чл. (82), ἔχων σίκην ἐν ἀγρῷ (чл. 6) па дури ни изразите: κύριος τοῦ ἀγροῦ (чл. 15), κύριος τῆςχώρας (чл. 2 13). ὁ (οἱ) τοῦ τόπου κύριος (οι) (чл. 21, 22) не можат да се земат како доказ за сопственоста.[13]) Таа смета дека се работи за право на користење (Verfügungsgewalt). Со мислењето на H. Köpstein се сложуваме не само поради тоа што во грчкиот јазик термините κτῆμα и κτίσις можат да значат сопственост и поседување,[14]) туку и поради специфичните облици на сопственоста на средниот век и феудалното општество, кои во повеќето случаи се редуцирале на правото на користење, односно поседување. Можеби токму затоа во Зз. за заменување земја има три члена (3, 4 и 5), за давање земја под наем дури девет (2, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16), за купување, односно продавање земја ниту еден член.

По однос на својата социјална положба во општината, веднаш по земјоделецот доаѓа мортитот (γεωργὸς μορτίτης). Тој зема под наем земја од земјодавачот (χωροδότης) од приносите на која му дава десеток. Малиот износ на наемнината различно се објаснува. P. Lemerle претполага дека во договорот меѓу мортитот и земјодавачот би постоеле и клаузули за разни ангарии на мортитот. Василевскиј и во ново време Липшиц, Dölger, Schmidt и Лишев сметаат дека мортитите би биле наемувачи на црковни и манастирски земји.[15]) Инаку мортитот се спомнува само во член 9 и 10. Во првиот се предвидува казна губење на приносите, во колку тоа ожнеаното без знаење на земјодавачот го однесе дома, а во вториот се определува од ожнеаното девет снопа за мортитот и еден за земјодавачот, а се проколнува оној кој поинаку ќе дели (ὁ δὲ ἐκτὸς τούτων μεριούμενος θεοκατάρατος). Според формулацијата на членот проколнувањето би се однесувало и на мортитот и на земјодавачот, а не само на мортитот како што тоа го тврди С. Маслев.[16]) Според нас проколнувањето би се однесувало само на земјодавачот, кој по сѐ изгледа, се обидувал да го измени неповолниот за него однос на распределба 1 : 9 и интенцијата на овој член би била спречувањето на тие обиди. Дека закануваето со проклетство би се однесувале пред сѐ на земјодавачот може да се заклучи: а) од фактот што во Зз. без исклучок за разните прекршоци на земјоделците, мортитите, наполичарите, надничарите и рабовите се предвидуваат материјални, парични и телесни

---

13) Ibidem.

14) Ibidem, 41/2.

15) S. Maslev, Die sociale Struktur der byzantinischen Landgemeinde nach dem Nomos Georgikos. BBA. Band 47. Berlin. 1976, 16.

16) Ibidem.

казни, б) квалификувањето на мортитот како крадец и губењето на сиот принос во колку ожнеаното без знаење на земјодавачот ќе го однесе дома (чл. 9) и в) практично тогаш не можело да се замисли подобар сооднос од 1 : 9.

Ако заканувањето со проклетство за менувањето соодносот 1 : 9 се однесувало само на земјодавачот, тогаш се наметнува заклучокот дека покрај имотната неднаквост на членовите на селската општина постоела и неднаквост пред законот, бидејќи во Зз. единствено за земјодавачот не се предвидува материјална, односно телесна казна. Нееднаквоста пред законот може да се констатира и при споредувањето на член 42 во кој се предвидува ослепување за оној што сакајќи да украде вол од стадото предизвикува уништување на стадото од ѕверовите, со членовите 46 и 47 во кои на робот за истиот престап се предвидува смртна казна со бесење. Оваа нееднаквост нужно предизвикувала револт и отпор.

Оној што обработува земја напола во Зз. се нарекува — ἡμισειαστής. Неговата определеност како наполичар јасно е формулирана во членовите 12, 13, 14 и 15 на Зз. Во нив тој се определува како: земјоделец што земал земја да посее напола (γεωργὸς λαβὼν χώραν τοῦ σπεῖραι τῇ ἡμισείᾳ чл. 12), земјоделец што земал од некој осиромашен земјоделец лозје напола (γεωργὸς λάβῃ παρά τινος γεωργοῦ ἀπορήσαντος τῇ ἡμισείᾳ ἀμπέλου чл. 13), оној што земал напола (ὁ τὴν ἡμισείαν λαβὼν τοῦ ἀγροῦ чл. 14) и едноставно формулирано — оној што земал напола (ὁ τὴν ἡμισείαν λαβὼν чл. 15). Во ови членови се предвидува целосно губење на делот на приносите во колку наполичарот не ја обработи земената земја како што треба (чл. 12 и 13), или двојно надоместување на приносите во колку наполичарот се предомисли и не ја обработи нивата земена од осиромашен и емигриран земјоделец (чл. 14), или ослободување од вината во колку наполичарот на време го извести господарот на земјата дека нема да ја обработува (чл. 15).

Предвидената отштета во двоен износ во чл. 14 тешко би можела да се објасни ако не се прифати централизираното плаќање на данокот во селската општина. Двојната отштета секако обезбедувала посигурно обработување на напуштената земја од осиромашениот земјоделец, и со тоа се обезбедувало плаќањето на предвидениот данок за неа.

Од Зз. не може да се види дали наполичарот бил човек без земја или со земја, но недостатна за неговите потреби, односно неговите можности. Неговиот социјален статус во селската општина би требало да се смета за понизок од статусот на мортитот, не само поради тоа што за изнајмената земја давал многу повеќе од него, т.е. една половина од приносите, туку и поради предвидените казни. Го губел сиот принос само затоа што не ја обработувал изнајмената земја како што треба, односно би платил

двојна отштета ако не би ја обработил земената земја од сиромашен и емигриран земјоделец.

Мистотот (μισθωτός) изрично се спомнува само во членот 34 како (ποιμὴν μισθωτός — платен овчар) што ќе биде натепан (τυπτόμενος) и лишен од својата плата (τοῦ μισθοῦ αὐτοῦ στερείσθω) ако кришум ги молзи овците и млекото без знаење на сопственикот го продава. Во категоријата мистоти — надничари уште треба да се вбројат: говедарот (ἀγελάριος) што се споменува во членовите од 23 до 29, иако покрај него го нема атрибутот надничар (μισθωτός), бидејќи тој се подразбира. На пример, во чл. 25 се предвидува говедарот да ја надомести направената штета, но да се лиши од неговата плата (τοῦ μισθοῦ αὐτοῦ μὴ στερηθῇ); потоа пољакот (ὀπωροφύλαξ) за кого во чл. 33 се вели дека ако се фати да краде таму каде што чува да му се одземе платата (στερείσθω τοῦ μισθοῦ αὐτοῦ) и многу да се натепа (σφοδρῶς τυπτέσθω); потоа, по сè изгледа, и земјоделецот од чл. 22 за кој се вели дека ако се дознае дека украл една од алатките што се спомнуваат во овој член, ќе плати за неа дневно по 12 фолии (παρεχέτω τὸ ἡμερούσιον ὑπὲρ αὐτοῦ φόλλεις δώδεκα); па дури и крадците од чл. 62 за кои предвидува исто така плаќање по 12 фолии дневно за украден плуг, ралник или јарем. Според Х. Köpstein веројатно овие осиромашени земјоделци од чл. 22 и 62 би биле членови на селото, додека останатите, чии статус бил многу сличен на робовите, би биле дојдени од други села.[17]) Робовите (δοῦλοι) се спомнуваат во членовите 45, 46 и 47 како крадци на добиток и во членовите 71 и 72 како пастири на кои без или со знаење на нивниот господар се поврзуваат исклучиво со сточарството, факт што ја тера Н. Köpstein со право да заклучи дека чувањето добиток во споредба со обработувањето на земјата е поедноставно, но истовремено поопасна работа со оглед на постојаната опасност од дивите животни. Од друга страна пак за таа работа не е потребна никаква алатка, којашто би можела да биде искористена и како оружје.[18]) Ако вклучувањето на робовите исклучиво во сточарството било условено не само од нивната неквалификуваност туку и од стравот за нивното бунтување, тогаш треба да претпоставиме дека во рамките за селската општина недоволството на експлоатираните слоеви се изразувало и со разни облици отпор, кои навистина не можат експлицитно да се најдат во членовите на Зз., но секако можат да се насетат, односно индиректно да се извлечат.

Паѓа во очи и фактот што робот во Зз., како и останатите членови на општина, одговара лично за своите постапки. Тој е изземен од јурисдикцијата на неговиот господар кога се работи за

---

[17]) H. Köpstein, Zu den Agrarverhältnissen. BBA. Band 48. Berlin, 1978, 46.

[18]) Ibidem, 45.

[19]) П. Мутавчиев, Селското земевладение във Византия (според νόμος γεωργικός), Избрани произведения, том I, София, 1973, 42.

прекршоци што ги прави кон трети лица. Тој имено со својот живот ја плаќа причинетата штета (смртна казна со бесење чл. 46 и 47), а неговиот господар во овие членови се спомнува само како лице што треба да ја надомести направената штета.

П. Мутафчиев вели дека членовите на Зз, каде што се зборува за рабовите третираат само криминални случаеви.[19]) Ако гледаме формално-правно би требало да се сложиме со неговата констатација, но ако се размислува и за мотивите што ги терале робовите тоа да го прават не би можеле да се сложиме со ваквата квалификација, особено не за случаевите во кои мотивот би бил реакција на експлоатацијата, спротивставување, одмазда, отпор. Од одредбите на Зз., јасно произлегува дека робовите се наоѓале на најниското скалило на социјалната структура на селската општина. Тој нивен статус, како што видовме, не произлегува само од нивното исклучиво ангажирање во сточарството, туку и предвидувањето смртни казни со бесење за прекршоци за кои останатите членови на општината биле поблаго казнувани. Малиот број членови посветени на нив го наметнува и заклучокот дека тие биле најмалубројни во општината.

*

Разновидноста на казните предвидени во Зз., а особено структурата на луѓето за кои се предвидуваат најстрогите казни, упатува на заклучок дека евидентната имотна диференцијација во селската општина се реперкуирала и на правниот статус на одделни нејзини слоеви.

Во Зз., се предвидуваат: духовни, материјални, парични, физички и смртни казни со бесење и спалување.

Единствената духовна казна во Зз., се предвидува според нас, исклучиво за земјодавачот (χωροδότης) ако не се придржува кон предвидениот сооднос од 1 : 9 во полза на мортитот и гласи кој дели поинаку да биде од господ проколнат (ὁ δὲ ἐκτὸς τούτων μεριούμενος θεοκατάρατος) (чл. 10).

Парични казни се предвидуваат во чл. 22 и 62, според кои се плаќа 12 фолии на ден за украдена земјоделска алатка, и во членовите 33 и 34, според кои се лишуваат од нивната плата пољакот и овчарот, што кришум ги молзи овците и млекото го продава без знаење на сопственикот на овците.

Губење на вложениот труд и плодовите се предвидува за бесправно присвојување и искористување на земја (чл. 1 и 2), за несовесно обработување на земја земена напола и за однесување на сноповите од страна на мортитот без знаење на земјодавачот (чл. 9).

Со двојно отштетување се казнува: оној што ќе ожнее спорна нива, а спорот ќе го загуби (чл. 6), оној што земената нива од осиромашен и емигриран земјоделец не ја обработи (чл. 14), оној што спалува туѓа шума или сече туѓи дрвја (чл. 57), оној што

потпалува ограда на лозје (чл. 58) и оној што ќе се фати по втор пат во амбар да краде, покрај телесната казна сто удари со стап (чл. 68).

Физичкото казнување од натепување до сечење раце, јазик или ослепување е најчесто во Зз., 18 члена предвидуваат такви казни. Со тепање се казнува пољакот што краде (чл. 33), овчарот што кришум молзи и продава млеко (чл. 34), потпалувачот на ограда на лозје (чл. 58), оние што влегуваат во туѓи ниви за време на жетвата и крадат снопови, класје или варива (чл. 60), оној што за првпат ќе биде фатен во амбар да краде (чл. 68), оние што ќе ја намалат старата мерка за жито и вино (чл. 70), оној што ќе отруе овчарско куче (чл. 75), оној што ќе осакати или усмрти туѓо куче додека се бори со неговото (чл. 76), оној што го надразнува своето лошо куче против другите послаби кучиња и се случи некое од нив да биде осакатено или убиено (чл. 77) и оној што откако ќе ја ожнее својата нива или го обере своето лозје, а соседните ниви или лозја сè уште не се ожнеани односно обрани, го внесе својот добиток и им направи на соседите штета (чл. 78 и 79). Сечење на јазикот се предвидува само еднаш и тоа на говедарот за кој осведочено ќе се установи дека лажно се заколнал (чл. 28).

Сечењето на раце се предвидува почесто и тоа: за оној што ќе најде вол во шумата, ќе го заколе и ќе го земе месото (чл. 44), за оној што сече или искоренува туѓи плодоносни лозја (чл. 59), за оние што потпалуваат плевни или самоволно разрушуваат туѓи куќи и огради (чл. 65 и 66) и за оној што самоволно му ги исече лозите или било какво друго дрво на оној со кого се суди (чл. 80). Жигосувањето на раката, покрај двојното надоместување, се предвидува за оној што потпалува ограда на лозја (чл. 58).

Ослепувањето како казна се предвидува во три члена: за оној што предизвикува разбегнување на стадото поради обид за крадење на вол, а притоа стадото ќе биде изедено од ѕверовите (чл. 42), за оној што по третпат ќе биде фатен во амбар да краде (чл. 68) и за крадците на вино (чл. 69). Смртната казна ја сретнуваме исто така во три члена. Во членовите 46 и 47 се предвидува смртна казна со бесење за роб, кој поради крадење ќе предизвика разбегнување на стадото и неговото уништување од ѕверовите, а во член 64 се предвидува смртна казна со спалување за оние што подметнуваат огин на гумна или копи поради одмазда на нивните непријатели. Одредувањето на оваа најстрога казна, според нас, не е само поради фактот што потпалувачите уништуваат храна за луѓето и животните, туку, може би и во прв ред, поради мотивот (одмазда на непријателите) што ги раководи при палењето на гумната и копите.

*

*    *

Разгранетата социјална структура и имотните разлики меѓу разните категории па и меѓу членовите на истата категорија што

недвосмислено произлегуваат од Зз., морале да условат појавување на отпор на осиромашените експлоатирани и обесправени членови на селската општина.

Отпорот директно не може да се констатира ниту во еден член на Зз., па дури ни во чл. 64 каде што се спомнува како мотив на подметнувањето огин на гумна и копи, одмаздата на непријателите, уште помалку во чл. 74 каде што за убивање на туѓо животно мотивот е било каква причина (ἐξ οἱασδήποτε προφάσεως), Недостасува од Зз. таков член, кој недвосмислено и експлицитно би укажувал на отпор, каков имаме, на пример, во Душановиот законик. Во него се забранува собирањето на Себрите, а прекршувањето на забраната се казнува со сечење на ушите на учесниците и осмудување (горење на брадата на водачите.[20]) Меѓутоа има индиректни показатели што упатуваат на постоењето на отпор. Еден од нив е и фактот што скоро половина од 84-те членови на Зз. регулираат материја поврзана со причинувањето штети, при што бројот на направените штети ненамерно е незначителен. Се разбира дека за организиран отпор не може да стане збор, барем не можеме да го извлечеме таквиот отпор од Зз. Треба да претпоставиме дека се работи повеќе за случаи на поединечен отпор. кој е израз на реагирање на кршењето на етичкиот принцип на справедливоста во прв ред поради нееднаквоста пред законот. Се работи за реакција на осиромашени земјоделци (ἀπορήσαντες, ἄποροι) што ги сретнуваме во членовите 11, 13, 14 и 18. Се работи за реакција на незадоволните наполичари и надничари, кои понекогаш се принудени да крадат земјоделски орудија (чл. 22 и 62) па дури и работен добиток (чл. 41). Се работи за реакција на робовите, чија положба во рамките на општината била најтешка.

Земјоделскиот закон има 14 члена што ги регулираат разните кражби: крадење на разни земјоделски алатки во време кога тие се најпотребни (чл. 22 и 62), крадење работен добиток (чл. 41), крадење на пољакот од овоштарниците што ги чува (чл. 33), крадење и продавање на млекото од платениот овчар (чл. 34), крадење слама (чл. 35), крадење вол од стадо (чл. 42), колење на залутан вол во шумата и земање на неговото месо (чл. 44), крадење на снопови, класје и варива од туѓи ниви (чл. 60) и крадење, колење и уништување на добитокот од страна на робовите (чл. 45, 46, 47, 71, 72). Во поголемиот број од гореспомнатите случаи мотивот за крадење е личната корист, потребата од решавање на егзистенцијални прашања (чл. 22, 41, 60 и 62), а во чл. 71 мотивот може би е и гладта.

Во членовите на Зз., во кои се регулира надоместувањето на направените штети процентот на случаите во кои мотивот би можел да биде незадоволството, сигурно е поголем отколку во случаите на кражба. Токму во таквите случаи се искажувал свес-

---

[20]) Себрова сьбора да нѣсть, Кто ли се обрѣте сьборникь да моу се ѡ̆ши оуржѫ̆· И да се ѡсмѫ̆де поведьчїе. (Законик цара Стефана Душана књиги I Струшки и Атонски рукопис. САНУ. Београд 1975, 180).

ниот или несвесниот отпор. Така, на пример, сечењето на туѓа шума без знаење на сопственикот со цел да се добие обработлива земја (чл. 20), како и палењето туѓа гора и сечењето туѓи дрвја (чл. 57), сигурно повеќе е мотивирано од побуди за обезбедување гола егзистенција, отколку да претпоставува некаков облик на отпор. Меѓутоа, осакатувањето или ослепувањето на вол од говедарот (чл. 39), или крадењето на ѕвоното од вол или овца, со јасна цел да се создадат поволни услови за нивно можно исчезнување, не можат да се објаснат без постоење на омраза, желба за одмазда, противставување и отпор. Истите побуди треба да ги претпоставиме во затворањето на свињата или кучето и нивното угинување (чл. 54), во убивањето или труењето на овчарското куче за да стане стадото лесен плен на ѕверовите (чл. 55 и 75).

Во оние членови на Зз. каде што се регулираат случаи, од кои недостасува материјалната корист како мотив, може посигурно да се претпостави противставувањето и отпорот како мотив. Најкарактеристични во тој поглед се четирите членови на Зз., што се однесуваат на потпалувачите. Еве ја нивната содржина: оној што ќе запали ограда од лозје ќе се натепа, ќе му се сече раката и ќе ја надомести двојно штетата (чл. 58); оние што ќе запалат или украдат туѓа кола двојно да ја надоместат штетата (чл. 63); оние што запалуваат гумно или копи поради одмазда на непријателите, ќе бидат спалени (чл. 64); на оние што потпалуваат плевни, ќе им се сечат рацете (чл. 65). Ниту еден од овие случаи не може да се третира исклучиво како криминалец, ниту од еден не смее да се исфрли можноста за постоење на отпор, не само поради експлицитното наведување на одмаздата како мотив во чл. 64. Паѓа во очи фактот што во последните три погоре спомнати члена станува збор за сторители. Плуралната форма се употребува уште во членовите: 60, 61, 62, 66 и 67, додека во сите останати членови на Зз., се употребува сингуларната форма, имено, неодредената заменка — τίς (некој). Употребувањето на плуралот секако не може да се објасни со евентуални стилистички афинитети на законодавецот, иако на прв поглед тоа може да се помисли со оглед на распоредот на овие членови во Зз. (60 до 67 и 70), туку сигурно од практиката што ваквите потпалувања и разурнувања ги извршувала група луѓе, којашто нормално ја наметнала и употребата на плуралот. Колку што би било смело тврдењето дека во сите овие случаи се работи исклучиво за организирани облици на отпор, толку би било неприфатливо исклучувањето на таквите облици на отпор, а уште понеприфатливо исклучувањето на било каков отпор. Во прилог на погорните констатации зборуваат уште и членовите: 59 со кој се предвидува сечење на рацете на оној што ќе исече или искорени туѓо плодоносно лозје, и 66 со кој се предвидува истата казна за оние што самоволно ќе разрушуваат туѓи куќи, или ќе расипуваат туѓи огради, за да си ги изградат или оградат своите.

Сите овие потпалувања, разрушувања, разградувања, сечења и искоренувања не можеме да ги прогласиме исклучиво криминални постапувања, ако не од нешто друго, барем од јасното определување на мотивот за потпалување во чл. 64, што гласи: πρὸς ἄμυναν τῶν, ἐχθρῶν, кој врз основа значењето на зборот ἄμυνα[21]) може да се преведе: за одбрана од непријателите: отпор против непријателите; за одмазда на непријателите. Било кој од овие преводи земеме како можна ситуација што ја имал во предвид законодавецот, мислел само на реакција на човек кому му е направена неправда, бидејќи само таков човек може да се одмаздува, да се брани или да искажува отпор.

При создавањето на сликата за приликите во селската општина не треба да се заборава и фактот дека таа како територијална единица постоела во преминот од робовладетелското во феудалното општество. Токму затоа таа морала да ги преживува сите противречности на тој преоден период и тоа не без трауми и отпори. Сето ова не дозволува создавање идилична слика за животот во селската општина со наводното периодично делење на земјата меѓу нејзините членови, и го наложува отфрлувањето на постарите претпоставки за постоењето на некаков аграрен комунизам во неа, како што тоа со право го чини и П. Мутафчиев.[22])

Земјоделскиот закон со своите празнини за жал не е во состојба да го презентира комплетно животот на селската општина и затоа многу често се наметнува хипотетичното, кондиционалното искажување за одделни сегменти од тој живот. Но и вака нецелосен овој правен споменик претставува драгоцен историски извор, бидејќи овозможува делумно реконструирање на социјалната структура на селската општина, констатирање јасна имотна диференцијација на нејзините членови и нивната нееднаквост пред законот. Понатаму овозможува индиректно препознавање и на пасивни облици на отпор, каков што е случајот со емигрирањето на осиромашениот земјоделец, (чл. 14) и на активни облици на отпор, кои, како што видовме, се најмногубројни.

Hristo MELOVSKI

## FORMS OF RESISTANCE ACCORDING TO THE AGRICULTURAL LAW

### Summary

The author first of all has given the social structure of the village community, including the following categories of people:

---

21) Византийский земледельческий закон, стр. 120.

22) П. Мутавчиев, Селското земевладение във Византия. Избрани произведения том I. София, 1973, 107.

an agriculturer (γεωργός) with different properties (γεωργὸς μορτίτης) — mortit, ἀπορήσας γεωργός poor agriculturer, κύριος τῶν χωραφίων — landowner) sharecropper (ἡμισειαστής) day laborer (μισθωτός) and slaves (δοῦλοι) Then he gives the structure of punishments foreseen according to the law stating the inequality of members of the community in front of the law, with different punishment for the same violation. The broaden social structure, the estate differences among the different categories, and even between the inequality in front of the law, which according to the author must have brought to a resistance of the poor. This resistance, could not find explanations in the Agricultural law but indirectly it might be supposed especially in the articles of the law for caused damages, without having any material benefit, such as burnt barns for chaff, treshing floors, haystacks, fences, ruining of houses, cutting and damaging of fertail vineyards, and the like. The author especially underlines the motive of burning of treshing floors and haystacks in article 64 because of some revenge towards the enemies (πρὸς ἄμυναν τῶν ἐχθρῶν) and the use of the plural form — those — in all the articles where damages have been concerned without any damage, in spite of the use of the singular form — that — in the majority of articles of the Agricultural Law.